*Орхидеја ШУРБАНОВСКА*

**УДК: 159.942-056.87-053.6**
Прегледен труд

# ЕМПАТИЈАТА КАКО ГЛАВНА КАРАКТЕРИСТИКА НА СОЦИЈАБИЛНОСТА КАЈ ДЕТЕТО И АДОЛЕСЦЕНТОТ

***Кратка содржина***

*Општествениот живот на човекот е длабоко вкоренет во неговата личност. Способноста да соработува, да води, да следи, да преговара и да се грижи за другиот го прави човечкот она што е. Сепак, како точно успева да ги координира и да ги разбере состојбите и намерите на другите и да ги изразува сопствените сè уште останува да се разјасни. Земајќи ја предвид природата на емпатијата како потенцијален психолошки мотиватор за помагање на другите во неволја, логично е таа да се смета за клучен фактор во социјалниот живот на луѓето.*

*Во овој труд се зборува за емпатијата кај децата и адолесцентите како способност која се развива и се учи, но, исто така, има и генетско потекло. Но, главната цел е да се испита емпатијата и нејзината поврзаност со социјабилноста на децата и адолесцентите. Во таа насока, прво ќе се опише природата на емпатијата и сите фактори што влијаат врз нејзиното создавање и развој, а потоа ќе се поврзе со однесувањето на детето и адолесцентот со своите врсници и со општеството пошироко. Сите наоди се базирани на научни истражувања и теории во оваа област.*

***Клучни зборови:*** *ЕМПАТИЈА, СОЦИЈАБИЛНОСТ, ДЕТЕ, АДОЛЕСЦЕНТ*

## Вовед

Емпатијата може да се дефинира како способност на човекот да се чувствува или да го замисли емоционалното доживување на друго лице (McDonald, Messinger, 2011). Способноста за емпатија е важен дел од социјалниот и емоционалниот развој, кој влијае на однесувањето на поединецот кон другите и на квалитетот на општествените односи. Истражувачите прават разлика помеѓу два типа емпатија, и особено во социјалната психологија емпатијата може да се категоризира како емоционален или когнитивен одговор. Според Хоџис и Маерс (Hodges, Myers, 2007), *емоционалната емпатија* се состои од три одделни компоненти: а) чувствување на истата емоција како што ја чувствува другиот; б) лична вознемиреност, која се однесува на сопствените чувства на вознемиреност како реакција на перципирање нечија туѓа мака; и в) сочувство кон друга личност. Во психологијата најчесто се проучува третата

компонента од емпатијата. Важно е да се напомене дека чувствата на вознемиреност поврзани со емоционалната емпатија не мора да ги одразуваат токму истите емоции што ги чувствува другиот. На пример, иако сочувствителните луѓе чувствуваат вознемиреност кога некој ќе падне, тие ја немаат истата физичка болка. Овој тип на емпатија често е предмет на дискусија за сочувствителното однесување на луѓето. Од друга страна, чувството на емпатична загриженост, односно личната загриженост е поврзано со подготвеноста да им се помогне на другите. Според Хоџис и Мајерс, многу од најблагородните примери на човековото однесување, вклучувајќи и помагање на непознати и на стигматизирани луѓе, се смета дека потекнува од емпатијата (Hodges, Myers, 2007).

Вториот вид емпатија е *когнитивната емпатија*. Таа се однесува на тоа колку добро едно лице може да ги согледа и да ги разбере емоциите на друго лице. Когнитивната емпатија, исто така, е позната како емпатична прецизност, вклучува поцелосно и поточно сознание за содржината на умот на другото лице, вклучувајќи и како се чувствува лицето (Hodges, Myers, 2007). Когнитивната емпатија може да се смета за вештина која се учи и со која луѓето ја препознаваат и разбираат емоционалната состојба на другите.

Повеќе автори (Kim, Rohner, 2003; Eisenberg, 2000) ја дефинираат емпатијата како суштински фактор за остварување на социјалниот живот со тоа што таа обезбедува мотивациска основа за специфични просоцијални акти, како што се помагање, утешување, споделување и соработување со другите. Општо земено, емпатијата е посебна способност да се разберат емоциите на другите и да се сочувствува со нив, но оваа способност во голема мера се учи и се развива од раѓањето и во текот на животот. Треба да се нагласи дека самата природа на емпатијата ги поттикнува луѓето да бидат социјабилни и пожелни како партнери.

**Развој на емпатијата кај децата и адолесцентите**

Првите теоретичари сметале дека малите деца се премногу егоцентрични или когнитивно неспособни да доживеат емпатија (McDonald, Messinger, 2011). Сепак, мноштво студии нудат докази дека децата, всушност, можат да прикажат спектар на прилично софистицирани однесувања поврзани со емпатијата (Zahn-Waxler, Radke – Yarrow, Wagner, Chapman, 1992), а скорешната студија на Гросман (Grossman, 2018) покажува дека таквите емоционални процеси што се ориентирани кон другиот играат важна улога во просоцијалното однесување уште од раната фаза во развојот на детето. На пример, уште по раѓањето, новороденчињата кои се изложени на звукот на друго расплакано бебе честопати прикажале реакции на вознемиреност, феномен што се нарекува *рефлексивен или реактивен плач* или *емоционална зараза* (Simner, 1971). Ова

укажува на тоа дека реакциите на новороденчето на плачот на друго новороденче не се само реакции на звукот на плачењето, туку тие може да се многу рани претходници на емпатичната реакција. Специфичноста на рефлексивниот плач при звуци на плач од други бебиња ја поддржува идејата дека постои биолошка предиспозиција за интерес и одговор на негативните емоции на другите. Меѓутоа, во текот на втората година од животот, со развојот на диференцијацијата на себе и другиот, заземањето туѓо гледиште и емоционална регулација се чини дека доаѓа до трансформација од загриженост за себе во способност за загриженост за другите (Knafo, Zahn-Waxler, Van Hulle, Robinson, Rhee, 2008). До третата година од животот, малите деца се способни за различни однесувања поврзани со емпатијата, вклучително и изразување вербална и фацијална грижа и интерес за неволјата на другиот и продолжуваат да се вклучуваат во различни однесувања со кои нудат помош на другите.

Емпатијата обично има и *емоционални и когнитивни компоненти*, иако овие компоненти можат да се доживуваат одделно (McDonald, Messinger, 2011). *Емоционалната емпатија* е индиректно доживување на нечија туѓа емоционална состојба, која, како што е наведено погоре, децата може да ја доживеат во некоја форма уште како доенчиња и бебиња. Спротивно на тоа, *когнитивната емпатија*, која понекогаш се нарекува и теорија на умот или заземање туѓо гледиште е способноста точно да се замисли искуството на другиот. Како што децата влегуваат во годините на предучилишното и на основното образование, се случува значаен развој особено во доменот на когнитивната емпатија. Ова делумно се должи на тоа што зголемените јазични капацитети на децата го олеснуваат емпатичното изразување како и мерењето на емпатичните способности. Ајзенберг и колегите (Eisenberg, Guthrie, Murphy, Shepard, Cumberland, Carlo, 1999) спровеле лонгитудинална студија за стабилноста и конзистентноста на просоцијалните реакции. Во оваа студија, повеќекратно биле измерени повеќе видови просоцијално однесување, емпатична загриженост и заземање туѓо гледиште во различни временски периоди од околу 4 до 20-годишна возраст. Просоцијалното однесување било измерено преку набљудување во детска предучилишна установа и во лабораторија, како и преку извештај за себе, извештај од родител и/или пријател, во зависност од временскиот период (Knafo, Zahn-Waxler, Van Hulle, Robinson, Rhee, 2008). Реакциите поврзани со емпатијата (на пример, емпатичната загриженост и заземањето туѓо гледиште) се мерело, исто така, преку извештај за себе, од родители и пријател, во одредени временски периоди. При раното просоцијално однесување се забележало спонтано споделување, при што изгледало дека емпатијата делумно посредува во оваа врска. Ова укажува дека емпатијата може да се концептуализира како дел од една поголема просоцијална одлика на личноста што се развива кај децата и мотивира одне-

сување кое е насочено кон помагање. Покрај тоа, во студијата на Кнафо и колегите (Knafo, Zahn-Waxler, Van Hulle, Robinson, Rhee, 2008) со која се испитувал раниот развој на емпатијата (погоре опишана), биле утврдени позитивни корелации на когнитивните и афективните компоненти на емпатијата, според реакциите на децата при симулиран стрес кај нивниот родител и кај непознато лице.

Студиите што ја истражувале стабилноста на емпатијата покажуваат конзистентност на индивидуалните разлики од раното детство до адолесценцијата и возрасната доба и ѝ претходат на формирањето на „просоцијалната диспозиција". Во лонгитудинална студија на близнаци се докажува генетскиот фактор како еден од показателите за развојот на емпатијата кај децата, но заедно со факторите на животната средина (Zahn-Waxler, Robinson, Emde, 1992).

## Генетски фактори

Постојат многу студии во кои емпатичната способност е објаснета со биолошки или генетски фактори, како што е темпераментот на детето. Бидејќи се смета дека темпераментот е присутен од раѓањето и според тоа има биолошки основи, индивидуалните разлики во емпатијаата може да ги одразуваат генетските влијанија врз нејзиниот развој (Young, Fox, Zahn-Waxler, 1999). Ротбарт и соработниците (Rothbart, Ahadi, Hershey, 1994) утврдиле дека децата кои се поисплашени условуваат поголема емпатична загриженост кај родителот. Слично на тоа, децата кои од страна на нивните воспитувачи во предучилишната установа се посочени како деца кои имаат инхибиции во однесувањето (срамежливи, повлечени) покажале повисоко ниво на вина, но и емпатија, отколку неинхибираните деца, без оглед на видот и квалитетот на односот на родителите кон нив. Овие различни наоди сугерираат дека бихевиорално инхибираните деца може да покажат повисоки нивоа на емпатично однесување, но во познати контексти, додека постои помала веројатност да реагираат на нечија туѓа вознемиреност во непознати ситуации, што, пак, предизвикува анксиозност кај нив. Реактивноста како фактор на темпераментот (или димензијата на интровертност-екстровертност) или степенот до кој поединецот физиолошки реагира на стимулуси во својата средина, исто така, е поврзана со емпатијата (Young, Fox, Zahn-Waxler, 1999).

## Срединскифактори

Факторите на животната средина во детството се родителите и пријателите од училиштето. Децата влегуваат во фаза на интимно меѓусебно споделување. Општеството се гледа како начин на соработка што

им користи на сите и се смета за ексклузивен и посесивен однос. На пример, детето кое кани другар за да си играат во неговиот дом, а кое веќе игра со друго дете, со оваа постапка, најверојатно, ќе го повреди другото дете (Miller, Perlman, Brehm, 2007). Но, во оваа фаза се надминати турбуленциите во размената на контакти и се очекува лојалност и одговорност од другарството. Емпатијата, заедно со довербата и вербалното решавање на конфликтите се многу значајни за социјабилноста на детето и адолесцентот, односно се важни карактеристики на другарството помеѓу врсниците.

Развојните трендови на меѓучовечките односи што започнале во средното детство, кои вклучуваат развој на емпатијата, продолжуваат и во адолесценцијата. Најкарактеристичната промена што се случува во тинејџерските години е пократкото време поминато со родителите, додека времето поминато со врсниците се зголемува, речиси двојно повеќе (Miller, Perlman, Brehm, 2007). Втората промена е дека адолесцентите сè повеќе и повеќе се фокусираат на другарите за да ги задоволат своите потреби и да се соживуваат со нив, што е многу важно во тој период од животот. Од друга страна, родителската контрола е намалена во споредба со претходниот период кога родителите сè уште можеа да ја следат и ја следат социјалната интеракција на детето. Во овој период од животот, разликите помеѓу потребата за зависност и потребата за индивидуалност се разбираат и се усогласуваат. Исто така, силно е изразена потребата за интимност и поддршка од пријателите (Youniss, Smollar, 1985; Sharabanu, 1994). Адолесценцијата е период на емоционално и когнитивно созревање, период кога детето почнува да ги разбира и своите емоции и емоциите на другите. Врз таа основа може да се каже дека социјалниот живот на адолесцентите е сочинет од реципроцитет, дискусија и заемно разбирање (Youniss, Smollar, 1985). Затоа адолесцентите често дискутираат за проблемите, ги доживуваат проблемите, ги анализираат емоциите итн. Оттука, емпатичните адолесценти повеќе се избираат за најдобри пријатели.

**Родителството и емпатијата**

Како што е веќе познато, родителите и старателите имаат значајно социјализаторско влијание врз децата, па оттука следува дека родителството влијае врз раниот развој на емпатијата. Истражувањата во оваа област покажуваат дека чувствителната реакција на родителите на вознемиреноста на детето може да го олесни капацитетот за емпатија на децата (Cornell, Frick, 2007). Еден аспект на интеракциите помеѓу родителите и децата кој е особено релевантен за проучувањето на развојот на емпатијата е нивото на синхронизација помеѓу родителот и детето. Синхронијата е временско совпаѓање на однесувањето помеѓу партнери-

те во односот, што се потврдува во заклучоците на лонгитудиналната студија за врската помеѓу раната синхронија мајка – новороденче и подоцнежната емпатија кај децата и адолесцентите (Zhou, Eisenberg, Losoya, Fabes, Reiser, Guthrie, Murphy, Cumberland, Shepard, 2002). Децата може до одреден степен да ги интернализираат чувствата и искуствата на другите преку симулацијата на емотивните изрази и дејства на другите за време на имитирањето (Hess, Bourgeois, 2010). Покрај тоа, родителите го имаат истото ниво на афект како и нивните деца, т.е. *афективна синхронија* за време на интеракцијата (Kochanska, Forman, Aksan, Dunbar, 2005). Ова може да им овозможи на децата две важни искуства: од една страна, може да ги натера да се чувствуваат дека некој друг, родителот, може да се чувствува како што се чувствуваат тие, а од друга страна, им се нуди разбирање дека нивните емоционално мотивирани акции може да влијаат врз другите. Сето тоа може да ги поттикне оние чувства што се неопходни за дејствување во ситуации кога им треба помош на другите (Garner, 2003).

Општо земено, се покажува дека топлината на мајката е важен фактор во поддршката на развојот на емпатијата. Децата кои имале родители за кои било забележано дека покажуваат поголема топлина кон нив за време на разни интеракции во домот имаат тенденција да бидат поемпатични (Davidov, Grusec, 2006). Начинот на кој родителите разговараат со своите деца за емоциите, исто така, влијае врз развојот на емпатијата. Степенот до кој родителите ги насочуваат своите деца да ги означуваат емоциите е поврзан со емоционалната грижа на децата за другите; степенот до кој родителите даваат објаснувања за причините и последиците од емоциите е поврзан со повеќе обиди на детето да ги разбере емоциите на другите (Grusec, Hastings, 2007). Оттука, се чини дека родителите кои обезбедуваат топла, позитивна средина за своите деца и кои обезбедуваат модел за чувствителност кон потребите и емоциите на другите преку синхронизирани интеракции со своето дете и зборуваат за емоциите со своето дете, најверојатно, ќе имаат поемпатични деца. Истражувањето на Фејбс и колегите покажало дека родители кои чувствително реагираат на вознемиреноста на своите деца даваат модел за емпатија и сочувствување, и нивните деца веројатно ќе ги имитираат подоцна кога ќе бидат во интеракција со другите (Fabes, Poulin, Eisenberg, Madden-Derdich, 2002). Реакциите на негативните емоции на децата, исто така, ја олеснуваат нивната способност точно да ги читаат емоциите на другите кои можат да ја поттикнат емпатијата (Grusec, Hastings, 2007).

Конечно, како што беше претходно забележано, знаеме дека кога децата ќе научат да бидат емпатични рано во својот развој, тоа може да доведе до многу посилни емпатични способности подоцна во животот, како што тие стануваат возрасни, и ги третираат другите со љубезност,

почит и разбирање. Во таа смисла, колку повеќе мајките и децата се усогласени и влијаат на меѓусебното однесување за време на играта лице в лице во раното детство, толку повеќе детето ја изразува емпатијата во средното детство и адолесценцијата (Eisenberg, McNally, 1993). Како резултат на тоа, емпатичните деца може да станат емпатични родители, сопружници, соработници и пријатели.

Од друга страна, дефицитите во капацитетот за емпатија не само што може да го намалат просоцијалното реагирање туку можат да го направат поверојатно антисоцијалното однесување. Поединците кои не можат да се идентификуваат со чувствата и менталните состојби на другите лица нема да доживеат вина или непријатност како последица на повреда на другите (Fonagy, Target, Steele, Steele, 1997). Всушност, првиот емпириски труд на Болби, кој се фокусирал на етиологијата на малолетничката деликвенција, воспоставил поврзаност меѓу раните искуства од недостиг на конзистентен, поддржувачки старател и развојот на „нечувствителен“ карактер и деликвентно однесување (Boulby, 1944, според Eisenberg, Fabes, 1993).

Иако врската помеѓу родителското прифаќање и емоционалната емпатија често се чини прилично очигледна, механизмите што ја создаваат оваа врска не се јасно идентификувани. Тука, теоријата за родителско прифаќање-отфрлање (PARTheory) може да помогне во објаснување на таа врска. Оваа теорија ја објаснува социјализацијата кај децата која се обидува да ги предвиди и објасни главните претходници, последици и други корелации на родителското прифаќање и отфрлање (Rohner, 2008). Поттеоријата за личноста постулира дека децата и возрасните насекаде во светот, без оглед на разликите во културата, расата, полот, социоекономскиот статус и други вакви дефинирачки услови, се предодредени да развијат специфична констелација на диспозициите на личноста како резултат на доживување различни степени на родителско прифаќање или одбивање. Поконкретно, теоријата за родителско прифаќање-отфрлање постулира дека луѓето насекаде имаат фундаментална, филогенетски стекната потреба од позитивна реакција од луѓето што им се најважни. Оваа позитивна реакција вклучува потреба од топлина, наклонетост, грижа, негување, поддршка, љубов од родителите и другите лица со кои се воспоставува емоционално врзување. Во зависност од степенот до кој е задоволена потребата, односно степенот до кој поединците сметаат дека се прифатени или одбиени од родителите и другите лица за кои се приврзани, се очекува луѓето да развијат специфичен кластер на позиции, вклучувајќи позитивна или негативна самодоверба, позитивно или негативно чувство на сопствена соодветност, емоционална реактивност или нереактивност, емоционална стабилност или нестабилност, пријателство или непријателство, реалистичен поглед на проблемите или агресија, пасивна агресија или проблеми со уп-

равувањето со непријателството и агресијата, зависност или здрава независност, дефанзивна независност и позитивен или негативен поглед на светот. Освен тоа, отфрлените деца се чувствуваат анксиозни и несигурни во нивниот однос со нивните главни старатели. Секако дека сите позитивни однесувања и реакции имаат емпатична подлога, додека негативните имаат дефицит од неа.

*Квалитет на односот родител – дете*

Други фактори кои се чини дека влијаат на развојот на емпатијата се показателите за квалитетот на односот родител – дете. На прво место тоа е приврзаноста на детето кон својот родител или квалитетот на врската. Сигурно приврзаните деца покажуваат однесување што е во согласност со однос полн со доверба и љубов со својот родител. Кохanska (Kochanska, 2002) го испитувала специфичниот квалитет на односот родител – дете, наречен *заемна респонзивна ориентација* (ЗРО). Респонзивноста се дефинира како заемно одговарање на потребите на двете страни во интеракцијата. Таа се поврзува со развојот на детската совест, вклучувајќи ја и емпатијата. ЗРО се дефинира преку реакција на мајката и споделениот позитивен афект помеѓу родителот и детето. Со други зборови, постоела поголема веројатност дека децата со пореспонзивни родители ќе реагираат поемпатично кон некое лице во неволја. Се теоретизира дека децата чиј ран развој е карактеризиран со топли и реактивни дијади поподготвено ќе ги прифатат вредностите на своите родители и е поверојатно дека ќе развијат силна совест, што се смета дека е резултат на заеднички работен модел на кооперативен однос со родителот (Kochanska, 2002).

Во студиите каде што се испитувани адолесцентите во однос на позитивната емоционална комуникација со мајката, како квалитетна родителска интеракција, адолесцентите повеќе биле подготвени да заземат туѓо гледиште, како и гледиштето на мајката. Покрај тоа, позитивната емоционална комуникација со мајката била поврзана со висока емпатија кај девојчињата и со ниска лична вознемиреност кај машките адолесценти (Eisenberg, McNally, 1993).

## Интернализација на правилата

Способноста за емпатија со неволјите на другите може да биде важен фактор во учењето да се разграничи правилното од погрешното. Коханска и колегите спровеле низа значајни студии за развојот на совеста и моралното однесување (Kochanska, Forman, Aksan, Dunbar, 2005). Моралните емоции (односно, емпатичната вознемиреност и вина) и практикувањето на компатибилно однесување биле конципирани како индекси на развивање на совеста. Емпатичното вознемирување се мере-

ло со реакцијата на детето на симулираниот страв на странец, додека вината се мери со реакција на децата на страдањето на странецот поради лично предизвиканата несреќа (т.е. детето било доведено да верува дека тој или таа оштетиле нечиј посед). Децата кои покажуваат поголема вина како одговор на погрешното однесување и емпатична вознемиреност како одговор на неволјите на другиот е поверојатно дека ќе ги следат зададените правила (на пример, да ги средуваат играчките) во отсуство на надзор (Aksan, Kochanska, 2005). Значи, од многу рана возраст се чини дека постои поврзаност помеѓу емпатијата, како искуства насочени кон другите и интернализацијата на правилата. Ова сугерира дека емпатијата, заедно со вината, може да игра улога во учењето кај децата за тоа што е правилно, а што е погрешно (Oxley, 2011; Parker, Rubin, Price, 1995).

**Емпатија и социјабилноста на детето и адолесцентот**

Ако емпатијата се гледа во контекст на модификација на социјализацијата, односно во социјабилното однесување, во образовниот процес, каде што децата и адолесцентите ја ценат грижата, сочувството и заедницата, тогаш таа може да се вреднува како суштинска карактеристика на социјализацијата. Емпатијата не е секогаш поврзана со алтруизмот, туку е сфатена како вештина потребна за спријателување, за решавање конфликти, за станување љубезна и сочувствителна личност (Cooper, 2011). Сè додека емпатијата се изучува како способност за препознавање на емоциите на другите, за да се увиди како другата личност мисли или се чувствува, или да се разберат другите на еден подлабок начин, таа се смета за епистемолошка вештина или способност неопходна за стекнување сензитивни знаења за другите. Иако емпатијата често е пристрасна во корист на оние кои се најмногу слични на самиот поединец, луѓето можат да научат како да го прошират опсегот на своите емоции со кои воспоставуваат однос на емпатија и со оние со кои не се слични. Тоа ќе им овозможи да развијат повеќе посакувани реакции кон нив (Berndt, Savin-Williams, 1989).

Покрај тоа што се поврзува со помагање и морално однесување кон другите, способноста за емпатија е поврзана со социјалните вештини, со кои се истакнува способноста за оптимално функционирање со другите. Во нивниот преглед, Ајзенберг и Милер (Eisenberg, Miller, 1987) откриле дека повисоките нивоа на емпатија кај децата биле поврзани со покооперативно и општествено компетентно однесување. Други истражувачи, исто така, откриле дека децата со повисока емпатија за позитивни и негативни емоции се општествено покомпетентни (Saliquist, Eisenberg, Spinrad, Eggum, Gaertner, 2009). Во овие студии, општествената компетентност била измерена преку рангирање од страна на родителот

и наставникот на социјално соодветно однесување и популарност. Развојот на емпатијата во училиштето е многу важен, особено имајќи го предвид инклузивното образование денес. Во образовната литература за деца со посебни потреби и за духовната грижа за другиот очигледна е важноста на емоционалната поддршка и раст, поттикната од емпатијата (Best, 2000).

*Квалитет на врската со другите*

Способноста за емпатија се чини дека е важна и за квалитетот на врската на тој начин што се олеснува одржувањето на значајните односи. Поконкретно, емпатичната грижа и заземањето туѓо гледиште се поврзани со димензиите на приврзаност, доверба, удобност, со меѓучовечката блискост, како и во односот во романтичните врски (Cramer, 2003). Во релевантните студии каде што децата искажуваат голема емпатија и реагираат на приказните тие ги ставаат јунаците од приказната физички поблиску до нив. Ова укажува дека емпатијата може да ја поттикне желбата за зголемена меѓучовечка блискост (Strayer, Roberts, 1997). Емпатијата кон партнерот, заземањето туѓо гледиште и диспозитивната емпатија се поврзуваат со задоволството од романтичен однос кај возрасните, што е важно за одржување на врската (Davis, Oathout, 1987).

Накратко, способноста за емпатија е важна за промовирање позитивно однесување кон другите и за олеснување на социјалните интеракции и врски. Емпатијата е вклучена во интернализацијата на правилата кои играат важна улога во заштитата на другите и ја мотивира желбата да им се помага на другите, дури и по цена на себе. Покрај тоа, емпатијата е значајна карактеристика на општествено компетентна личност со значајни општествени односи.

## Заклучок

Емпатијата во голема мера е обележана или кореспондира со веродостојната социјабилност особено кај децата и адолесцентите, а исто така се смета дека емпатијата е клучна за развојот на социјалната компетентност и го подобрува квалитетот на односите со другите. Емпатичните деца и адолесценти имаат способност да воспоставаат квалитетни односи. Емпатијата може да биде и емотивно и когнитивно искуство. Способноста за емпатија се јавува или почнува да се развива на рана возраст, при што доенчиња стари само осумнаест часа покажуваат извесна реакција на вознемиреноста на другите новороденчиња. Во текот на втората година од животот, реакциите на бебињата на вознемиреноста на другите обично се трансформираат од голема реакција на лична вознемиреност во реакција на емпатија ориентирана кон другиот. Со текот на времето, децата стануваат способни за прилично софистицирани на-

чини на помагање. Децата на предучилишна возраст искусуваат значајни развојни промени во доменот на когнитивната емпатија. Постојат докази што сугерираат дека раните диспозиции кон емпатија и просоцијално однесување може да станат конзистентни и стабилни со текот на времето. Способноста за емпатија се развива со придонес од различни биолошки фактори и фактори на животната средина. Овие фактори ги вклучуваат: генетиката (темпераментот), факторите на животната средина, социјалното учење – имитација, фактори на родителство како што се топлина, синхронија родител – дете и други квалитети на односот родител – дете (Rothbart, Ahadi, Hershey, 1994).

Ако се смета дека социјализацијата на емоциите е клучен фактор за социјабилноста на детето и адолесцентот, емпатијата е најважната емоција за поврзување со другите на позитивен начин со кој може да се приспособат многу однесувања кон другите. Нејзините форми се тесно поврзани со родителската реактивност, топлина и контрола (Eisenberg, Zhou, Spinrad, Richard, Fabes, Liew, 2005). Учениците со висока емпатија се оние популарни деца, адолесценти, во класот и можат да бидат најдобри другари, или да имаат многу пријатели во училиштето и надвор од него (Шурбановска, 2018).

И конечно, каква е поврзаноста на емпатијата со социјабилноста кај децата и адолесцентите? Ако се смета дека социјализацијата на емоциите е клучен фактор за социјабилноста на детето, емпатијата е најважната способност за поврзување со емоциите на другите на позитивен начин. Всушност, постои една изрека меѓу луѓето: тагата е помала кога се споделува со пријателите, а среќата е поголема кога се споделува со пријателите.

**Литература**

Aksan, N., Kochanska, G. (2005). Conscience in childhood: Old questions, new answers. *Developmental Psychology*. 41: 506–516.

Berndt, T. J., Savin-Williams, R. C. (1989). *Variation in Friendships and Peer-Group Relationships in Adolescence*. In: Tolan P, Cohler B: Handbook of Clinical Research and Practice with Adolescents. New York: Wiley. 1–40 p.

Best, R. (2000). Empathy, Experience and SMSC (Spiritual, Moral, Social and Cultural Education). *An International Journal of Personal, Social and Emotional Development*. 4: 8-18

Cooper, B. (2011). *Empathy in Education Engagement, Values and Achievement Continuum.* International Publishing Group.

Cornell, A. H, Frick, P. J. (2007). The moderating effects of parenting styles in the association between behavioral inhibition and parent-reported guilt and empathy in preschool children. *Journal of Clinical Child Adolesce Psychology.* 36(3):305-318.

Cramer, D. (2003). Facilitativeness, conflict, demand for approval, self-esteem, and satisfaction with romantic relationships. *Journal of Psychology*. 137: 85- 98.

Davidov, M., Grusec, J. E. (2006). Untangling the links of parental responseveness to distress and warmth to child outcomes. *Child Development*. 77 (1):44-58.

Eisenberg, N., Fabes, R. A. (1998). *Prosocial development. In Damon W, Eisenberg N. Handbook of child psychology: Social, emotional, and personality development*. 5th ed. New York: Wiley. p. 701-778.

Eisenberg, N., Guthrie, I. K., Murphy B. C., Shepard S. A., Cumberland, A., Carlo G. (1999). Consistency and development of prosocial dispositions: A longitudinal study. *Child Development.* 70: 1360-1372.

Eisenberg. N., McNally, S. (1993). Socialization and Mothers' and Adolescents' Empathy-Related Characteristics. *Journal of Research in Adolescence*. 3:2, p.171-191. |

Eisenberg, N., Zhou, Q., Spinrad, T. L., Richard, C. V., Fabes, A., Liew, J. (2005). Relations Among Positive parenting, Children's Effortful Control, and Externalizing Problems: A Three-Wave Longitudinal Study. *Child Developement.* 76. 5. 949-1127

Eisenberg, N. (2000). Emotion, Regulation, and Moral Development. *Annu Review of Psychology.* 51(1): p. 665-97.

Fabes, R. A., Poulin R. E., Eisenberg, N., Madden-Derdich, D. A. (2002). The Coping with Children's Negative Emotions Scale (CCNES): Psycho-

metric properties and relations with children's emotional competence. *Marriage Family Review*. 34:285–310.

Fonagy, P, Target, M., Steele, M., Steele, H. (1997*). Attachment, the reflective self, and borderline states: The predictive specificity of the Adult Attachment – Interview and pathological emotional developmen*t. Research Gate.

Garner, P. W. (2003). Child and family correlates of toddlers' emotional and behavioral responses to a mishap. *Infant Mental Health Journal.* 24: 580-596.

Grossman, T. (2018). How to build a helpful baby: a look at the roots of prosociality in infancy. *Current Opinian in Psychology*. 20, 21-24.

Grusec, J. E., Hastings, P. D. (2007). *Handbook of socialization - theory and research.* The Guilford Press: New York, London.

Hess, U., Bourgeois, P. (2010). You smile–I smile: Emotion expression in social interaction. *Biological Psychology*. 84(3):514-20.

Hodges, S. D., Myers, M. W. (2007). *Empathy.* In Baumeister RF. Vohs KD. *Encyclopedia of social psychology.* Thousand Oaks, CA: Sage. p. 296 – 298.

Kestenbaum. R., Farber, E. A., Sroufe, L. A. (1989). Individual differences in empathy among preschoolers: Relation to attachment history. *Child Development.* 44:51-64.31

Kim, S., Rohner, R. (2003). Perceived parental acceptance and emotional empathy among university students in Korea. *Journal of Cross Cultural Psychology*. 34: 6, p. 723-735

Knafo, A. C., Zahn-Waxler, C., Van Hulle, J., Robinson, L., Rhee, S. H. (2008). The developmental origins of a disposition toward empathy: Genetic and envionmental contributions. *Emotion.* 8: 737-752.

Kochanska, G., Forman, D. R., Aksan, N., Dunbar, S. B. (2005). Pathways to conscience: Early mother-child mutually responsive orientation and children's moral emotion, conduct, and cognition. *Journal of Child Psychology and Psychiatry*. 46: 19-34.

Kochanska, G. (2002). Mutually responsive orientation between mothers and their young children: A context for the early development of conscience. *Current Dirrection in Psychology Science.*11: 191-195.

McDonald, N. M., Messinger, D. S. (2011). *The development of empathy: How, When, and Why.* In: Acerbi A, Sanguinet LJA, editors. Free will, Emotions, and Moral Actions. Philosophy and Neuroscience in Dialogue. Rome: Pontificia Università de la Santa Croce.

Miller, R. S., Perlman, D., Brehm, S. S. (2007). *Intimate relationship.* New York: Mc Grow –Hill.

Oxley, J. C. (2011). *The moral dimension of empathy-Limits and application* in Ethical Theory and Practice. Palgrave Macmillan, 145 p.

Parker, J. G., Rubin K. H., Price J. M., De Rosier, M. E. (1995). *Peer relationships and adjustment:* A Developmental Psychopathology Perspective. New York: Wiley. 96–16 p.

Rohner, R. P. (2008). *Parental acceptance and rejection*. 4th ed. Rohner Research Center, Storrs, CT 06268 USA.

Rothbart, M. K., Ahadi S. A., Hershey, K. L. (1994). Temperament and social behavior in childhood. *Merrill-Palmer Quarterly.* 40: 21-39.

Saliquist, J., Eisenberg, N., Spinrad, T. L., Eggum, N. D., Gaertner, B. M. (2009). Assessment of preschoolers' positive empathy: Concurrent and longitudinal relations with positive emotion, social competence, and sympathy. *Journal of Positive Psychology.* 2009; 4: 223-233.

Sharabanu, R. (1994). Intimate Friendship Scale: Conceptual Underpinnings, Psychometric Properties and Construct Validity. *Journal of Social and Personal Relationships.* SAGA. London. 11:449–469.

Simner, M. L. (1971). Newborn's response to the cry of another infant. *Developmental Psychology*. 5: 136-150.

Strayer, J., Roberts, W. (1997). Children's personal distance and their empathy: Indices of interpersonal closeness. *International Journal of Behavioral Development.* 20: 385-403.

Young, S. K., Fox, N. A., Zahn-Waxler, C. (1999). The relations between temperament and empathy in 2-year-olds. *Developmental Psychology.* 35 1189–1197.

Youniss, J., Smollar, J. (1985). *Adolescent Relationships with Mothers, Fathers and Friends.* Chicago: University of Chicago Press.

Zahn-Waxler, C., Radke – Yarrow, M., Wagner E., Chapman, M. (1992). Development of concern for others. *Developmental Psychology*. *28:*1, 126-136.

Zahn-Waxler, C., Robinson, J. L., Emde, R. N. (1992). The development of empathy in twins. *Developmental Psychology*, 28: 1038–1047.

Zhou, Q., Eisenberg, N., Losoya, S. H., Fabes, R. A., Reiser, M., Guthrie, I. K., Murphy, B. C., Cumberland, A. J., Shepard, S. A. (2002). The relations of parental warmth and positive expressiveness to children's empathy-related responding and social functioning: A longitudinal study. *Child Development.* 73: 893-915.

Шурбановска, О. (2018). *Другарството меѓу врсниците – психолошки аспекти*. Скопје: Филозофски факултет.